

# УПАТСТВО ЗА ЕТИЧКО И ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ТЕМИ ОД СУДСТВОТО

Здружение на новинарите на Македонија

СКОПЈЕ
2023

Оваа публикација е дел од регионалниот проект „*Зајакнување на слободата на медиумите во Северна Македонија*“ финансиран од Кралството Холандија и имплементиран од холандскиот Хелсиншки комитет и Фри прес анлимитед (Free Press Unlimited) во партнерство со Здружението на новинарите на Македонија. Ставовите и мислењата изразени во оваа публикација се во целост на авторот(ите). Тие нужно не ги претставуваат ставовите и мислењата на Кралството Холандија, ниту на организациите што го спроведуваат проектот или на нивниот локален партнер.

Здружение на новинарите на Македонија

NETHERLANDS HELSINKI COMMITTEE

BUILDING AND SECURING JUSTICE ACROSS EUROPE

FREE PRESS UNLIMITED

# Импресум

**Наслов**
Упатство за етичко и професионално информирање за теми од судството

**Автори**
м-р Лазар Сандев
д-р Марина Тунева

**Соработник**
Адриан Керими

**Уредник**
Драган Секуловски

**Издавач**
Здружение на новинарите на Македонија

**Проект**
„Зајакнување на медиумските слободи во Северна Македонија“

**Лектор**
Маја Катарова Апостолова

**Графички дизајн**
ЗНМ

Скопје, 2023

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ЗА УПАТСТВОТО | 6 |
| ОД НАШ АГОЛ – КАКО ДА СЕ ПОДОБРИ ИНФОРМИРАЊЕТО? | 7 |
| ВОВЕД И ЦЕЛИ НА УПАТСТВОТО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СУДСТВОТО | 11 |
| ДЕЛ 1 - ПОСТАВЕНОСТ НА СУДСТВОТО И ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА | 13 |
| Вовед во организација на судовите | 14 |
| Дефиниција на поими во кривичната постапка | 20 |
| Дефиниција на поими во граѓанска постапка | 25 |
| Дефиниција на поими во управна постапка | 26 |
| Постапка за одобрување на присуство на новинари на судски рочишта | 27 |
| Примери за разлики во употреба на правна терминологија при известување за судски рочишта | 29 |
| ДЕЛ 2 - НАСОКИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА СУДСТВОТО | 31 |
| Точност, урамнотеженост и сеопфатност во информирањето | 32 |
| Користење разбирлив речник и терминологија | 34 |
| Избегнување сензационализам во информирањето | 35 |
| Пресумпција на невиност | 36 |
| Заштита на приватноста | 37 |
| Заштита на сведоци | 40 |
| Заштита на приватноста на малолетниците | 41 |
| БИБЛИОГРАФИЈА | 43 |

# ЗА УПАТСТВОТО

*Драган Секуловски*

Новинарите играат клучна улога во обликувањето на јавното мислење и за нив е важно да известуваат за судските прашања со точност и непристрасност. Известувањето за судството може да биде предизвик бидејќи бара длабоко разбирање на правните процедури и процеси. Медиумите имаат одговорност точно и правично да известуваат за судските постапки, без да влијаат врз исходот на случајот.

Оттука е и потребата за изработка на практично упатство за етичко и професионално известување за судството наменето за новинарите и за претставниците на судството во Северна Македонија, но и за сите други заинтересирани страни што имаат интерес да се запознаат со професионалниот пристап при известувањето за оваа тематика.

Ова упатство нуди збир на принципи и примери за добрите практики што новинарите треба да ги следат кога известуваат за судството. Опфаќа повеќе клучни теми, како што се пристап до информации, доверливост, заштита на личните податоци, начелото за пресумпција на невиност и правата на сите страни вклучени во судскиот процес.

Упатството, исто така, дава насоки и за претставниците на судството за тоа како да ги комуницираат информациите за судските постапки со медиумите со цел точно и прецизно информирање на јавноста.

Се надеваме дека ова практично упатство ќе биде од корист и за медиумските работници и за претставниците на судството, и ќе помогне во заедничкото разбирање за принципите на етичкото и професионалното известување, кое ќе гарантира дека јавноста има пристап до точни и непристрасни информации за судството.

# ОД НАШ АГОЛ – КАКО ДА СЕ ПОДОБРИ ИНФОРМИРАЊЕТО?

*Адриан Керими*

Известувањето за судските процеси е една од најтешките теми за покривање и следење од страна на новинарите. Не поради обемот на самиот настан, туку поради одговорноста како еден сензитивен процес да се пренесе на транспарентен и непристрасен начин до читателот (јавноста).

Новинарот, при известувањето за судската постапка, неопходно е да има знаење за судските процеси и за природата на кривичните или граѓанските дела, вклучувајќи ги и фазите на судењето. Медиумското известување за еден судски процес подразбира дека новинарот треба да биде запознаен за повеќе аспекти, и тоа од моментот кога и под кои околности се случил настанот, детали околу истражните мерки за кои јавноста може да биде запознаена, како и улогата на Јавното обвинителство во случаи кога има кривични постапки.

Има неколку суштински елементи што треба да ги знае еден новинар пред да влезе во судницата од каде што треба да известува, и тоа:

- **Да има информации** за странките и за општиот контекст за случајот
- **Да биде информиран** за постапките на обвинителството, но и за судот
- **Да има познавање** околу граѓанската, односно за кривичната постапка во согласност со законите.

Информираноста за странките и контекстот зошто се таму се многу важни за новинарот, како и за тоа да има познавања кој е тужителот, а кој осомничениот и за што, како и кој е жртва, сведок, каква е улогата на евентуалните експерти, која е улогата на застапниците, кој го застапува обвинителството, правобранителството и слично. Секоја странка во постапката има свое значење и улога, а новинарот мора да биде во тек со тоа, бидејќи познавањето ќе му го олесни, не само следењето, туку и известувањето за самата судска постапка.

Постапките на Јавното обвинителство, како и на судот, се многубројни, од предистражната постапка до поднесување на обвинението, но не секоја фаза во постапката претставува вест. Во некои случаи, активностите можеби и треба да бидат заштитени за да не се наруши процесот. Секако тоа зависи и од степенот на јавниот интерес. Новинарот е должен да биде информиран за: распитот на осомничените, сослушувањето на сведоците, одземените докази и потребните

мерки на претпазливост, во зависност од процената на ризикот. Со внимателно следење на овие дејствија, новинарот ќе биде информиран и за елементите на обвинението на товар на странките.

Правилата во судовите можат да бидат здодевни, но нивното следење и почитување овозможува судењето да се одвива непречено. Пред влегувањето во судницата и пред позиционирањето на предвиденото место за новинарите и јавноста, новинарот мора да биде подготвен дека во име на професијата нема да злоупотребува никакво емотивно чувство на странките и нема да ја злоупотреби својата положба за да го компромитира рочиштето. Секој обид да се комуницира со странките, да се реагира со емоции или да се поттикнат другите да реагираат или да преземат дејствија, спротивно на Деловникот за работа на судовите, не е дозволен.

Можеби почетокот на еден судски процес нема значителен медиумски интерес, но како што се движи процесот или неговото одложување неколкупати по ред од различни причини, треба да го алармира новинарот за повнимателно следење на случувањата, и да биде во чекор со времето.

При известувањето, неопходно е новинарот да го разбере нивото на судењето или фазата на судењето. Тоа е многу важно бидејќи во таква ситуација, новинарот би бил информиран за актуелните случувања и за случувањата што следат. Во многу медиумски прилози што се однесуваат на некоја судска постапка се забележува одредена динамика во известувањето. Во најголем број случаи се известува за обвинетите, нивното дело и последните случувања, но секогаш не се потенцираат конкретните дејствија, подетално за кривичниот настан, степенот на одговорноста (првоосомничен, второосомничен...), последиците кон другата странка или врз државниот буџет (кога се работи за злоупотреба на службена положба /должност), статусот на Обвинителството (претставки и предлози) и правните последици во однос на обвинението и Кривичниот законик.

Во многу извештаи може да се забележи субјективната информација или цитирање членови од Кривичниот законик или Законот за кривична постапка, но без објаснување на нивното значење и санкционирање. Новинарот има обврска да ја информира јавноста за содржината на членот за злоупотреба на службената должност, член за убиство, член за насилство и други членови, бидејќи, цитирајќи ги само со бројки како што ги пренесува Јавното обвинителство или МВР при поднесувањето на кривичната пријава, нема да биде доволно јасна информација за јавноста /публиката.

Новинарот не е судија, но има право и е должен да ѝ објасни на јавноста што конкретно се случило во настанот што е предмет на судењето, кој е првоосомничен и која е пирамидата на одговорност, кој е составот на странките (бранители и адвокати во својство на законски застапници) кон обвинението предложено од Јавното обвинителство.

Во текот на известувањето, новинарот мора да ја има предвид грижата на членовите на семејството и нивните емоции. Секогаш мора да се почитува болката (емоцијата) и не смее да се злоупотребува ниту една емоционална состојба од моментот, само за атрактивна вест или атрактивно известување.

Нема кривична азбука, но познавањето на кривичниот јазик и терминологијата во судството ја олеснува работата на новинарот и читателот. Иако е многу тешко да се вклопи судската терминологија во јазикот што го разбира јавноста, новинарот е должен да го користи кривичниот јазик за да го почитува објективното известување.

Доколку не е запознаен со терминологијата, соодветна професионална препорака е консултација со правниците и со адвокатите вклучени во процесот. На тој начин ќе му се помогне на новинарот во иднина да биде подготвен да се справи со ваквата терминологија, но и да известува на соодветен суштински јазик.

Друг важен елемент е познавањето на Кривичниот законик. Во нашата земја, за жал, Кривичниот законик и Законот за кривична постапка можат да се преземат само на македонски јазик, што посебно ја отежнува работата на албанските новинари при известувањето и опишувањето на одредбите од Кривичниот законик и Законот за кривична постапка. Особено нивниот превод и адаптацијата на албански јазик би им помогнале на медиумите на албански јазик и на албанските новинари да покажат уште поголем интерес за судските постапки и да не се следи работата на судот врз етничка основа (зависно од кривичното дело).

Здружението на новинарите на Македонија, како единствено здружение во одбрана на новинарите во земјава, имаше конструктивна улога преку стратегиски притисок врз судовите и обвинителствата за зголемување на транспарентноста. Иако успехот е делумен, вината не се должи на ЗНМ, туку на менталитетот во судовите и во обвинителствата, кој треба да се смени. Како судијата, така и обвинителот, мора да прифатат дека новинарот е страната што ги застапува граѓаните и не смее да се игнорира или да се спречи во извршувањето на неговата должност.

За да се зголеми транспарентноста во судовите и обвинителството, вклучително и нивните совети (Судскиот совет и Советот на јавни обвинители), ЗНМ и двете горенаведени колективни тела мора заеднички да го подготват препорачаниот документ за објективно известување и транспарентна одговорност. Тоа значи дека документот би ги опфатил етичките стандарди на новинарот, кои е должен да ги почитува при известувањето, како и етичките одредби за неопходноста на транспарентноста на судиите и обвинителите, односно судовите и Јавното обвинителство.

Потребна е заедничка иницијатива за превод и усогласување од македонски на албански јазик на: Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Законот за јавно обвинителство, Законот за судовите, Законот за Судскиот совет, Законот за Советот на јавни обвинители, Уредбата за работа во судовите, подзаконски акти и сл.

На тој начин ќе се влијае врз едукацијата на новинарите при известувањето, нивното значење за основата на работата, додека со познавањето на законот и законските одредби, покрај зголемувањето на квалитетот на известувањето, директно се зголемува и транспарентноста во судството и во јавното обвинителство.

Исто така, врз зголемувањето на транспарентноста, влијание би имало и организирањето заеднички работилници за обучување судии и обвинители од страна на новинарите и ЗНМ за јавно говорење и комуникација со новинарите, за да не остане сè на товар на портпаролите или на канцеларијата за односи со јавноста.

# ВОВЕД И ЦЕЛИ НА УПАТСТВОТО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СУДСТВОТО

Медиумското известување за теми поврзани со судството и судските процеси е клучен дел од функционирањето на принципот на отворена правда. Јавноста има право да знае како работат судовите, а нејзината доверба во правдата, меѓу другото, зависи и од тоа колку се почитува транспарентноста од страна на правосудниот систем. Јавноста во судските постапки е неопходен услов за транспарентноста и отчетноста на судството[1]. Судовите се јавни места, но многу мал дел од граѓаните имаат можност да присуствуваат на судските рочишта и од прва рака да ги осведочат случувањата. Само преку отвореност, транспарентност и директна и редовна комуникација на судиите со новинарите ќе се зголеми довербата на јавноста во судството[2]. Токму тука до израз доаѓа важноста на новинарската професија. Медиумите го приближуваат судството до граѓаните, но и се главен извор за информирање и запознавање на јавноста со прашања поврзани со судството[3].

Самите медиуми, пак, мора да почитуваат одредени правила и принципи, со што би избегнале штетно влијание врз судските процеси и нивните исходи. Оттука, известувањето за теми од судството подразбира запознаеност со законската регулатива што се однесува на судството, како и со етичките принципи и стандарди за професионално информирање во оваа област.

На судиите, пак, медиумите им се потребни за да ја набљудуваат правдата во акција и да им овозможат на граѓаните да бидат сигурни дека тие ја исполнуваат својата улога во согласност со Уставот[4]. Според тоа, на медиумите им е потребен непречен пристап до судовите. Недостигот од технички ресурси и просторен капацитет не треба да се користи како причина за отстранување на новинарите и медиумите од судницата[5]. Од друга страна, оскудните и задоцнети одговори од судовите ги ограничуваат перспективите за сериозно и објективно информирање. Таквиот пристап отвора простор за шпекулации и претпоставки, што влијае негативно врз информирањето на јавноста, но, пред сè, во однос на професионалната работа на новинарите.

1 Димовски С., Илиевски. Ј, Димитриевски З. (2014) Јавност во кривичната постапка - Водич за новинари низ кривичната постапка. Мисија на ОБСЕ во Скопје, https://www.osce.org/files/f/documents/0/d/117927.pdf

2 Пашоски, Д. (2021) Студија: Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија, Здружение на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/analizi-i-publikaczii/

3 Попчевски, К.Љ. (2017) Транспарентност и отвореност: осовременување на судскиот систем во Република Македонија. Институт за европска политика – Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права, http://www.merc.org.mk/Files/Write/00001/Files/Network23/studies/Sudska-transparentnost_brief_Mreza23.PDF

4 Центар за правни истражувања и анализи (2019) Како до зголемена транспарентност и отчетност во судството? – документ за јавни политики, https://bit.ly/3GP8xl9

5 Ibid

Заради подобрување на транспарентноста во правосудството, во нашата држава е формиран Судско-медиумски совет, чија цел, меѓу другото, е да се справи со дезинформациите во известувањето за судските случаи. Тоа тело се стреми кон афирмирање на судската транспарентност, враќање на довербата во судството, обезбедување непречен пристап на јавноста до правдата, а со тоа и обезбедување правна сигурност, непристрасност и квалитет на правдата за граѓаните[6].

Коректната и континуирана соработка меѓу новинарите и претставниците на правосудниот систем, со заемно познавање на професионалните потреби на двете групи, ќе овозможи пренесување веродостојни, целосни и навремени информации кон граѓаните.

Оттука произлегуваат и основните цели на ова Упатство, односно придонес во професионалната работа на редакциите при известувањето за теми од областа на правосудниот систем, а со тоа и подобрување на информираноста и запознаеноста на јавноста со релевантни теми од оваа област. Упатството се состои од два дела, од кои првиот содржи преглед на судскиот систем и релевантната законска регулатива, опис на надлежностите на судовите во Република Северна Македонија, како и преглед на правни изрази. Вториот дел содржи насоки и стандарди за професионално информирање на медиумите за теми од областа на судството, кои се потпираат на упатства и препораки од етички кодекси, документи и публикации на домашно и меѓународно ниво.

6 Саити, Џ., Коен, Р. и др. (2020) Транспарентно судство: прирачник за судии и новинари, Судско-медиумски совет при Здружението на судии на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3ir0Ecg

# ДЕЛ 1

# ПОСТАВЕНОСТ НА СУДСТВОТО И ПРАВНА ТЕРМИНОЛОГИЈА

*М-р Лазар Сандев*

# ВОВЕД ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДОВИТЕ

Судскиот систем во Република Северна Македонија е уреден со Законот за судовите, со кој се организирани основните и апелациските судови, Управниот суд и Вишиот управен суд како посебни судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија како највисок суд.

Генерално, основните судови се поделени како судови со основна и проширена надлежност согласно член 30 и 31 од Законот за судовите[7].

Во Република Северна Македонија, основните судови со основна надлежност за подрачјата за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во прв степен **по кривични дела и прекршоци**, и тоа:

- **за кривични дела** за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,
- **за кривични дела** за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност,
- **за сите видови прекршоци**, освен за прекршоците, кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и
- **за жалби и приговори** за постапките за кои се надлежни овие судови.

Основните судови со проширена надлежност, покрај надлежноста утврдена во членот 30 од овој закон за подрачјата за кои се основани, надлежни се да одлучуваат по **кривични дела**, и тоа:

- **за оние за кои со закон е предвидена казна затвор** над пет години и за кривични дела и прекршоци извршени од деца,
- **да постапуваат по предмети за екстрадиција** трансфер на осудени лица, признавање и извршување странски судски одлуки,
- **по жалби и приговори** за постапките за кои се надлежни и
- **да решаваат за постапки** за меѓународна правна помош утврдена со закон.

Во Основниот кривичен суд Скопје се формира специјализирано судско одделение надлежно за судење дела од областа на организираниот криминал и

7 („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019)

корупција за целата територија на Република Македонија. Специјализираното судско одделение е надлежно да суди за:

- **кривични дела извршени од структурирана група** од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да се стекне со финансиска или друга корист,
- **кривични дела извршени од структурирана група** или злосторничка организација на територијата на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,
- **кривични дела извршени од полициски службеник**, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа, кои работат на откривање кривични дела и овластени службени лица на Министерството за одбрана што работат на откривање и истражување кривични дела или припадници на затворската полиција, при вршење службено дејствие или за кривично дело извршено надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност,
- **кривични дела злоупотреба на службена положба** и овластување од членот 353 став 5, примање поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и
- **кривични дела неовластено производство** и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 став 2, перење пари и други приноси од казниво дело од значителна вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од поголема вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а, злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

Основните судови со основна надлежност се надлежни да одлучуваат во прв степен по **граѓански спорови**, и тоа:

- **за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи** на физички и правни лица, чија вредност е до 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- **за спорови за утврдување и оспорување** на татковство, мајчинство, утврдување на постоење брак, за поништување на брак и развод на брак,
- **за законска издршка,**
- **за чување и воспитување деца**,
- **за попречување на владение**,
- **за доживотна издршка**,
- **за надоместок на штета** што не надминува 50.000 евра во денарска противвредност,
- **во постапка за обезбедување и извршување**
- **за работни односи,**
- **во спорови од наследно-правни односи,**
- **во вонпарнични и оставински работи и**
- **за други работи утврдени со закон.**

Основните судови со проширена надлежност, покрај надлежностите наведени погоре, за подрачјата за кои се основани, надлежни се да одлучуваат во **граѓански и трговски работи**, и тоа:

- **за спорови во имотно-правните** и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е над 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- **во трговски спорови**, во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост,
- **во постапка за стечај** и ликвидација,
- **во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување** и
- **за спорови на домашни правни и странски лица** што произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи.

**Апелациските судови се надлежни:**

1. **да решаваат по жалбите против одлуките на основните судови** од своето подрачје;
2. **да решаваат за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен** од своето подрачје и
3. **да вршат други работи определени со закон.**

**Врховниот суд на Република Македонија е надлежен:**

1. **да решава во втор степен против одлуките на своите совети** кога тоа е определено со закон;
2. **да решава во трет и последен степен по жалбите** против одлуките на апелациските судови;
3. **да решава по вонредни правни лекови** против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон;
4. **да решава за судир на надлежност** меѓу основните судови од подрачјето на различни апелациски судови, судир на надлежност меѓу апелациски судови, судир на надлежност меѓу Управниот суд и друг суд, судир на надлежност меѓу Вишиот управен суд и друг суд и да решава за пренесување месна надлежност кај овие судови;
5. **да одлучува по барање на странките** и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, и
6. **да врши други работи определени со закон.**

Во литературата и во законите ќе се сретнеме и со термините првостепен суд, израз што се користи за основните судови и за второстепен суд, термин што се користи за апелациските судови.

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган, кој ги гони сторителите на кривични дела и на други казниви дела утврдени со закон и врши и други работи утврдени со закон. Честопати ќе слушнете дека јавното обвинителство гони кривични дела по службена должност. Тоа е така од причина што јавното обвинителство е надлежно да гони за кривични дела за кои во Кривичниот законик не е предвидено да се гони по приватна тужба од страна на физички и правни лица.

Јавното обвинителство, почитувајќи го принципот на пресумпција на невиност, правото на приватен живот и достоинство, правото на информирање и слобода

на медиумите, правото на правично судење, правото на одбрана, интегритетот, ефикасноста и доверливоста на истрагите, како и принципот на отвореност, ја информира јавноста за одделни случаи по кои постапува, а кои предизвикуваат поширок интерес во јавноста или се од значење за остварување на неговата функција.

Јавното обвинителство е организирано како Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, виши јавни обвинителства, основни јавни обвинителства и Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

Во Република Северна Македонија се основа Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. Во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција се формира специјализирано одделение за гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Специјализираното одделение има стручна служба и јавнообвинителски истражители од истражниот центар согласно со овој закон. Јавните обвинители и раководителот на специјализираното одделение ги распоредува јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, од редот на јавните обвинители од тоа обвинителство, по претходно добиена согласност од јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Честопати во комуникација со јавноста и во самите кривични постапки се користи кратенката ОЈО и додавката од соодветниот град (ОЈО Скопје, ОЈО Гостивар, ОЈО Гевгелија итн.), што не е погрешно да се употребува.

Советот на јавни обвинители е надлежен да:

- **дава мислење на Владата на Република Северна Македонија** по предлогот за именување и разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија,
- **ги избира и ги разрешува јавните обвинители**,
- **утврдува престанок на функцијата јавен обвинител** и одлучува во втор степен во постапка за утврдување на дисциплинската одговорност на јавните обвинители,
- **одлучува за утврдување нестручно** и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител,
- **ја следи работата на јавните обвинители** врз основа на оценката за нивната работа во согласност со Законот за јавното обвинителство,
- **одлучува за привремено оддалечување од функцијата** јавен обвинител,

- **постапува по претставки и поплаки на граѓани** и правни лица за работата на јавните обвинители,
- **одлучува по поднесено барање за дисциплинска одговорност** на член на Советот,
- **донесува одлука за член на Советот** да може да врши непосреден увид во работењето на јавните обвинители,
- **донесува Етички кодекс** за јавни обвинители по предлог на Здружението на јавните обвинители,
- **го определува бројот на јавните обвинители** во јавните обвинителства со одлука,
- **до крајот на февруари во тековната година**, со одлука го утврдува бројот на слободните јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за следните две години и одлуката да ја доставува до Академијата за обука на судии и обвинители,
- **ги разгледува и ги оценува** годишните извештаи на јавните обвинителства,
- **донесува Деловник за работа**,
- **донесува решение за мирување** на функцијата јавен обвинител,
- **издава и одзема службени легитимации** на јавните обвинители,
- **води персонален лист** за јавните обвинители,
- **поднесува извештај** за својата работа,
- **дава мислења по закони** од областа на делокругот на работата на Советот,
- **дава мислења по програмите на Академијата** за обука на судии и јавни обвинители,
- **објавува оглас и спроведува постапка** за избор на јавен обвинител за привремено упатување во друго јавно обвинителство и
- **врши и други работи утврдени со закон.**

Целта на овој поимник е да се доближат правните поими што се употребуваат во кривичната, граѓанската и во управната постапка.

# ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМИ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Кривичната постапка е утврдена со Законот за кривичната постапка (во понатамошниот текст ЗКП). Целта на овој закон е да овозможи правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито спроведена постапка. Во продолжение ќе ги наведеме најчесто употребуваните термини при известувањето на јавноста:

- **Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда** - вонреден правен лек што се поднесува од страна на правосилно осудено лице или неговиот бранител кога е осуден на безусловна казна затвор или малолетнички затвор од најмалку 1 година. Се поднесува до Врховниот суд на Република Северна Македонија, кој е и надлежен суд да одлучува по ова барање.

- **Барање за заштита на законитост** - или познат по скратеното име **БЗЗ** - е вонреден правен лек против правосилни судски одлуки, јавниот обвинител на Република Северна Македонија да може да поднесе барање за заштита на законитоста ако е повреден Уставот на Република Македонија, законот или меѓународен договор, ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија. Се поднесува до Врховниот суд на Република Северна Македонија.

- **Вештак или технички советник** е лице што располага со потребното стручно знаење и е запишан во регистарот на вешти лица при Министерството за правда.

- **Гаранција** - полагање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други подвижни предмети од поголема вредност што лесно можат да се претворат во пари и да се чуваат, или во лична обврска на еден или повеќе граѓани дека во случаите на бегство, повторување, доршување или сторување на делото со кое се заканува обвинетиот ќе го платат утврдениот износ на гаранцијата. По исклучок, гаранцијата може да се состои и во ставање хипотека за износот на гаранцијата на недвижни добра на лицето што дава гаранција, кои лесно можат да се претворат во пари. Гаранцијата во готови пари се полага на посебна сметка на судот.

- **Жртва на кривично дело** е секое лице што претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси како последица на сторено кривично дело.

- **Жалба** - редовен правен лек што се вложува од страна на странките против пресуда на основните судови или против решение на основните судови. Доколку се потврдува пресудата на првостепениот суд, Апелацискиот суд ќе донесе одлука во форма на пресуда. Доколку се укинува првостепената одлука, Апелацискиот суд носи одлука во форма на решение.

- **ЗКП** - Закон за кривична постапка

- **Истражна постапка** е постапка што јавниот обвинител ја поведува со донесување решение за истрага против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог.

- **Имотно-правно барање** е штетата што ја побарува оштетениот во постапката, а која настанала како последица на извршеното кривично дело.

- **Јавен обвинител** - вработен во основното или во вишото јавно обвинителство или во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција.

- **Јавност во постапката** - Генерално, јавноста во постапката е дозволена. Тоа значи новинарите можат да присуствуваат на судења и да известуваат за нив. Јавноста може да биде исклучена, по мислење на судот или по барање на странките или оштетениот, ако тоа е потребно заради чување државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на малолетникот.

- **Куќен притвор** - лишување од слобода со наредба да не се напушта домот до одреден стадиум во постапката или додека постојат причини поради кои е изречен.

- **КЗ** – Кривичен законик

- **Мерки на обезбедување присуство на обвинетиот** - мерки што можат да се преземат кон обвинетиот за обезбедување негово присуство и за непречено водење на кривичната постапка, како покана, мерки на претпазливост, гаранција, приведување, лишување од слобода, задржување, краткотраен притвор, куќен притвор и притвор.

- **Мерки на претпазливост** - 1) забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето; 2) обврска на обвинетиот да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган; 3) привремено одземање патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање; 4) привремено одземање возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање; 5) забрана за посетување на определено место или подрачје; 6) забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакти или врски со определени лица и 7) забрана за преземање определени работни активности што се поврзани со кривичното дело.

- **Обвинителен акт** - по завршувањето на истражната постапка, кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда, го подготвува и го поднесува обвинителниот акт до надлежниот суд. Не е погрешно при известувањето на јавноста да се користи и терминот **обвинение** (на пример јавниот обвинител покрена обвинение против лицето...)

- **Осомничен** е лицето против кое се води претходна постапка.

- **Основи на сомневање** се сознанија кои врз основа на криминалистичкото знаење и искуство може да се оценат како доказ за сторено кривично дело.

- **Основано сомневање** е повисок степен на сомневање засновано врз прибавените докази што упатуваат на заклучок дека определено лице сторило кривично дело.

- **Обвинет** е лице против кое е потврден обвинителен акт, поднесен обвинителен предлог, поднесен предлог за примена на мерка за безбедност, поднесена приватна тужба или поднесен предлог за издавање казнен налог.

- **Оштетен**, покрај жртвата, е и друго лице, чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривично дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или заради остварување имотно-правно барање. Кога со кривичното дело е сторена штета кон имот на државата или нејзиниот буџет, тогаш Државното правобранителство се јавува како полномошник на државата.

- **Осуден** е лице за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одговорно за определено кривично дело.

- **Претрес** е детално истражување на лице, средство за превоз, дом, под услови определени со закон.

- **Притвор** - лишување од слобода додека е до одреден стадиум во постапката или додека постојат причините поради кои е изречен.

- **Посебни истражни мерки:** следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон; 2) следење и снимање во дом, затворен или ограден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање услови за следење комуникации; 3) тајно следење и снимање лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен; 4) таен увид и пребарување во компјутерски систем; 5) автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци; 6) увид во остварени телефонски и други електронски комуникации, 7) симулиран откуп на предмети; 8) симулирано давање и примање поткуп; 9) контролирана испорака и превоз на лица и предмети и одложување на приведување или одземање предмети; 10) користење лица со прикриен идентитет за снимање, следење и собирање информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи; 11) отворање симулирана банкарска сметка и 12) симулирано регистрирање правни лица или користење постојни правни лица за собирање податоци и создавање услови за инфилтрирање.

- **Претходна постапка** е постапка во која јавниот обвинител презема одредени дејствија со цел да прибави материјални и вербални докази врз основа на кои ќе цени дали ќе покрене обвинителен акт или обвинителен предлог до надлежен суд.

- **Предистражна постапка** е дел од претходната постапка и фаза во која јавниот обвинител прибира докази бидејќи постои основ на сомневање дали одредено лице сторило кривично дело.

- **Приватна тужба** - ја поднесува секое физичко или правно лице за кривични дела за кои во Кривичниот законик е предвидено дека се гонат по приватна тужба.

- **Принос од казниво дело** - секој имот или корист прибавена посредно или непосредно со извршување казниво дело, како и принос од казниво дело сторено во странство, под услов во времето кога било сторено да било предвидено како казниво дело и според законите на државата во која е сторено и според законите на Република Северна Македонија.

- **Пресуда** - акт на основниот суд, со кој обвинението се одбива или обвинетиот се ослободува од обвинението или се огласува за виновен.

- **Правосилност** - правосилно завршена постапка е кога страните ги искористиле сите редовни правни лекови и пресудата на основниот суд е потврдена од страна на Апелацискиот суд.

- **Повторување постапка** - вонреден правен лек што страните можат да го искористат откако е правосилно завршена постапката (види чл.446 од ЗКП).

- **Приватен тужител** е лице што поднело приватна тужба заради гонење кривични дела, кои се гонат по приватна тужба, а се пропишани во Кривичниот законик.

- **Пресумпција на невиност** - лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.

- **Преглед на лица**, **возила, багаж и простории** претставува овластување врз основа на овој и друг закон, ограничено на надворешни проверки на облеката и други предмети и багаж со помош на сетилата за вид, слух и мирис, но не и на дејствија со кои нешто што не е видливо се прави видливо со отворање, отпакување и слично.

- **Решение** - акт на основните судови со кои се одлучува за одредени процесни прашања во текот на постапката, за одредување притвор, мерки за обезбедување и други работи согласно Законот за кривична постапка.

- **Рочиште** - денот кога судот го закажал за странките да се појават пред судот да расправаат по обвинението.

- **Странки во постапка:** се тужителот и обвинетиот.

- **Судија на претходната постапка** е судија кој во текот на претходната постапка одлучува за слободите и правата на обвинетиот во случај пропишан со Уставот на Република Македонија, со закон и меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија и за други работи определени со овој закон.

- **Сведок** е лице за кое е веројатно дека ќе може да даде известување за кривичното дело и сторителот и за други важни околности.

- **Скратена постапка** - за кривични дела за кои е предвидена парична казна или казна затвор до 5 - пет години. Постапката ја поведува јавен обвинител

со поднесување обвинителен предлог или приватен тужител со поднесување приватна тужба.

- **Тужител** - јавниот обвинител и приватниот тужител.

- **Технички советници** се стручни лица од регистарот на вештаци, кои странките ги ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМИ ВО ГРАЃАНСКА ПОСТАПКА

- **Жалба** - редовен правен лек, кој се вложува од страна на странките против пресуда на основните судови или против решение на основните судови. Доколку се потврдува пресудата на првостепениот суд, Апелацискиот суд ќе донесе одлука во форма на Пресуда. Доколку се укине првостепената одлука, Апелацискиот суд носи одлука во форма на Решение.

- **ЗПП** - Закон за парнична постапка.

- **Одговор на тужба** - писмен поднесок што го доставува лицето што е тужено во рок што е пропишан согласно Законот за парнична постапка.

- **Пресуда** - одлука на основниот суд со која, или се усвојува, или се одбива тужбеното барање на тужителот.

- **Повторување на постапка** - вонреден правен лек, кој страните можат да го искористат откако е правосилно завршена постапката и доколку се исполнети условите во Законот за парнична постапка.

- **Решение** - одлука на основниот суд со кој се решава за процесни прашања во текот на постапката.

- **Ревизија** - вонреден правен лек, кој може да се изјави во исклучителни ситуации, односно ако побиваниот дел од пресудата надминува 1.000.000 денари, а во секој случај: 1) во спорови за издршка; 2) во спорови за надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката; 3) во спорови од работните односи по повод престанок на работен однос; 4) во спорови за заштита на авторско право, освен за паричните побарувања по тој основ; 5) во спорови што се однесуваат на заштита и употреба на про-

најдоци и технички унапредувања, мостри, модели и жигови и на правото на употреба на фирма или назив, како и во спорови од нелојален натпревар и монополистички однесувања, освен за паричните побарувања по тие основи и 6) во спорови во кои во постапка по жалба, второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

- **Рочиште** - ден кога судот го закажал за тужителот и тужениот да дојдат на покана на судот да расправаат по тужбата на тужителот.

- **Странки во постапка** - тужител и тужен.

- **Спорови од мала вредност** - се спорови во кои тужбеното барање се однесува на побарување во пари кое не го надминува износот од 600.000 денари.

- **Тужба** - иницијален акт со кој се почнува граѓанска постапка за заштита на права и обврски.

- **Тужбено барање или петитум** - барање наведено во тужбата, со кое тужителот бара од судот тоа да се усвои и да се задолжи тужениот на одредени дејствија.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМИ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА

- **Јавен орган** претставуваат министерствата, органите на државната управа, организации утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на Град Скопје и општините во Град Скопје;

- **Конечен управен акт** е оној против кој може да се поведе управен спор.

- **Правосилен управен акт** - управниот акт против кој не може да се изјави жалба, ниту да се поведе управен спор, а со кој се решавало за права, обврски или правни интереси на странката е правосилен управен акт.

- **Управни работи** претставуваат сите акти и дејствија преку кои се изразуваат или се извршуваат надлежностите на јавните органи, а со кои се решава или се влијае врз правата, обврските или правните интереси на физичките лица, правните лица или другите странки во постапката, како и секоја друга работа што е одредена како управна со посебен закон;

- **Управното дејствие** опфаќа донесување управни акти, склучување управни договори, заштита на корисниците на јавни услуги и услуги од општ интерес, како и преземање други управни дејствија во управните работи во согласност со законот;

- **Управен акт** е поединечен акт на јавен орган, кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение или други;

- **Услуги од општ интерес** се услуги кои на граѓаните им ги даваат правните лица врз основа на јавно овластување издадено од јавен орган.

- **Управен акт** е поединечен акт со кој јавниот орган одлучил за права, обврски и правни интереси на физичко или правно лице, односно друго лице, кое може да биде странка во определена управна работа, како и поединечен акт донесен во прекршочна постапка. Управните акти можат да бидат насловени како решение, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение, известување или други акти утврдени со закон.

- **Управен спор** - судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица против поединечни управни акти и дејствија на јавните органи во согласност со Законот за управни спорови.

## ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСУСТВО НА НОВИНАРИ НА СУДСКИ РОЧИШТА

Во судскиот деловник[8] е предвидена постапката и правата на новинарите за присуство на јавни рочишта пред судовите.

Новинарите-известувачи и граѓаните можат да присуствуваат на јавните рочишта пред судовите без обврска претходно да имаат одобрение од судот. Судот обезбедува услови за нивното присуство и работа. Визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање, известување и фотографирање во кривичната постапка и јавно прикажување (репродуцирање) на снимката се врши по одобрение на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија по претходно прибавено мислење од претседателот на Советот, судиите, на начин предвиден со закон. Визуелното (видео) и звучното (аудио) снимање, известу-

8 (Службен весник на РМ, бр.66 од 9.5.2013 година)

вање и фотографирање во парничната постапка и во постапката по управен спор може да се врши по одобрение на претседателот на судот, со претходно прибавено мислење на судијата што постапува по предметот и со писмена согласност на странките. Надвор од судењето, снимањето и фотографирањето, во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот што раководи со зградата.

Барањето мора да се поднесе во рок од пет дена пред закажаното рочиште. Ненавременото барање нема да биде отфрлено ако се оправдани причините за доцнењето.

Снимањето и фотографирањето се одвива под надзор на судијата, односно претседателот на Советот на начин со кој се обезбедува непречен тек на постапката, ред во судницата и почитување на достоинството на судот.

По барање на судијата, судскиот службеник, припадникот на судската полиција, новинарот ја дава на увид новинарската легитимација и го соопштува името на медиумската куќа за која известува.

На медиумската куќа што поднела барање за одобрение за медиумско следење на судење, може да ѝ се дозволи да внесе едно видео или ТВ-камера, еден аудиосистем и два фотоапарати (најмногу со два објектива), со тоа што секоја од наведените техники ја користи по едно лице.

Снимателите и фоторепортерите не смеат во текот на снимањето да се движат, да прават движења или да заземаат положба што може да го одвлече вниманието или да го наруши редот во судницата.

Фотографирањето, снимањето во судот и јавното прикажување може да се изврши врз основа на претходно прибавено писмено одобрение на претседателот на судот. Фотографирањето и видеоснимањето во зграда надвор од текот на судската постапка го одобрува претседателот што управува со зградата во која се наоѓаат судските простории.

Фотографирањето во текот на судењето и јавното објавување на фотографиите го одобрува претседателот на Советот или судијата. При давањето на одобрението за фотографирање и снимање се води сметка за интересирањето на јавноста, интересите на постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката. Фотографирањето и снимањето во судницата, по прибавеното одобрение, се одвива под водство на претседателот на Советот и судиите, на начин што обезбедува непречен тек на судењето и овозможува ред во судницата.

# ПРИМЕРИ ЗА РАЗЛИКИ ВО УПОТРЕБАТА НА ПРАВНАТА ТЕРМИНОЛОГИЈА ПРИ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СУДСКИ РОЧИШТА

**Пример 1**

Денеска пред Основниот суд Скопје 1 (Основен кривичен суд), лицето НН беше изведено пред истражен судија (судија на претходна постапка), а по барање на обвинителството за определување мерка притвор. Полномошникот (бранителот или адвокатот) на обвинетиот истакна пред истражниот судија (судијата на претходна постапка) дека неговиот клиент воопшто не го сторил кривично дело за што го обвинуваат.

По сослушувањето на странките, истражниот судија (судијата на претходна постапка) му додели (определи) мерка притвор во траење од 30 дена.

**Пример 2**

Денеска Апелацискиот суд Скопје донесе пресуда (решение) со која го врати предметот за случајот „XXX“ на повторно поставување и одлучување. Четворицата осудени (обвинетите) А.А. Б.Б., В.В. и Г.Г. во конкретниот случај се товарат дека сториле криминал (кривично дело) злоупотреба на службена положба и овластување, при што сториле штета на буџетот на РСМ во износ од 12.123.456 денари. Адвокатите (или бранителите) на обвинетите ја поздравуваат ваквата одлука на Апелацискиот суд и сметаат дека обвинителството воопшто нема докази од кои може да се утврди одговорноста на осудените (обвинетите).

**Пример 3**

Денеска МВР излезе со соопштение дека пред 2 дена уапсиле (привеле) неколку лица за кои имале сознанија дека шверцувале (криумчареле) мигранти за што поднеле обвинение (кривична пријава) до ОЈО Скопје. Побаравме изјава од обвинителството, но тоа досега не даде соопштение за јавноста. Од наши извори, неофицијално, кривичната пријава веќе е доделена (распределена) на работа кај јавен обвинител, кој во следните денови треба да одлучи дали ќе спроведе (отвори) истрага против приведените лица.

**Пример 4**

Денеска на судењето против лицето Н.Н., неговиот адвокат поднесе барање за изземање на судијата што го води предметот (доколку се суди во Совет, треба да се наведе „претседателот на Советот“. Доколку суди судија поединец, во ред е да се наведе „судијата“). Како причина за изземањето, адвока-

тот наведе дека еден од сведоците предложен од обвинителството е близок пријател со судијата и поради тоа постојат условите предвидени со ЗКП. Судијата го прекина (одложи) денешното судење (рочиште) со цел да даде произнесување до претседателот на судот, во поглед на барањето за изземање.

**Пример 5**

Обвинителството денеска донесе пресуда (решение), со кое ја отфрли кривичната пријава на Државното правобранителство против лицата А.А. и Б.Б. бидејќи не постоело основано сомнение дека осомничените сториле штета на буџетот во износ од 1.000.000 денари. Од државното обвинителство дадоа изјава дека навремено ќе вложат жалба до Апелациското (Вишото) јавно обвинителство и сметаат дека (основното) обвинителството, во текот на истрагата не ги ценеле сите докази за кои Државното правобранителство тврди дека лицата А.А. и Б.Б. го сториле делото.

## ДЕЛ 2

# НАСОКИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ИНФОРМИРАЊЕ ВО ОБЛАСТА НА СУДСТВОТО

*Д-р Марина Тунева*

# ТОЧНОСТ, УРАМНОТЕЖЕНОСТ И СЕОПФАТНОСТ ВО ИНФОРМИРАЊЕТО

Новинарите што известуваат од областа на судството треба да бидат непристрасни и објективни во третманот на темите и со урамнотеженост во пристапот на информирање. Право и обврска на новинарите е да истражуваат и да информираат со внимателно проверување на содржината на материјалите и информациите до кои доаѓаат[9].

Во уредувачките насоки на Би-би-си[10] се нагласува дека информирањето за судските постапки мора да биде правично и точно. Неурамнотеженоста во информирањето, меѓу другото, произлегува доколку нееднакво се информира за засегнатите страни во судските процеси.

Кога се известува за кривични истраги или за судски процеси, новинарите ќе користат прецизен речник за да не им се наштети на учесниците во судењето. Судските случаи ќе се опишуваат врз основа на она што се случува во судницата, како и врз основа на правење соодветна дистинкција меѓу слушнатите докази за време на судењето и дополнителните прашања и теми опфатени во новинарската содржина како контекст, но кои не биле кажани во судот[11].

Критиките и коментарите на судските случаи мора јасно да се разликуваат од известувањето за текот на судските постапки. Новинарите треба да се внимателни во однос на изјавите на експертите, кои можат да бидат под силно влијание на одредени уверувања и тие не треба да се третираат како „готови“ факти. Потребно е да се консултираат повеќе соговорници заради рамнотежа во известувањето и споредување на различните ставови. Недоволната проверка на информациите и потпирањето на претпоставки и шпекулации носи големи ризици и води до креирање нецелосни стории. Со тоа се загрозува и јавниот интерес.

Потребно е максимално да се избегнат шпекулациите и претпоставките околу случаите за кои се известува. Во случаите на значително нарушување на ова правило, можно е штетно влијание врз перспективите за правично судење. Токму поради таквите ризици, новинарите треба да внимаваат да не шпекулираат или да не згрешат околу фактите поврзани со случајот[12].

---

9 Сведок (2016) Анализа: судовите и новинарите – јавност зад затворени врати, http://nvoinfocentar.org.mk/wp-content/uploads/2016/07/Sudovite_i_novinarite_final-1.pdf

10 BBC, Editorial Guidelines, Section 8: Reporting Crime and Anti-social Behavior - Guidelines, Court Reporting and Covering Trials, https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines/crime/guidelines/

11 IPSO (2022) Guidance on Court Reporting, https://www.ipso.co.uk/media/2168/ipso-court-reporting-guidance.pdf

12 McDonald, P., Why is the Media at Court, Lawfully Explained, https://lawfullyexplained.com.au/prepare-for-court/why-is-the-media-at-court/, 28.12.202

Доколку постојат јавно достапни документи поврзани со одреден случај, тие, исто така, може да се искористат во информирањето. За секоја важна судска одлука, медиумите мора подеднакво да информираат, како и за каков било друг значаен наод од друг јавен орган во врска со темата за која веќе известувале.

За време на тековното судење, новинарот нема да се труди да влијае врз одлуките на судот или да презентира предвремен став за вината на дадениот субјект[13].

Судското известување треба да биде урамнотежено. Во секое време, во текот на прелиминарните фази и сослушувањето од страна на судот, новинарот/новинарката треба да има за цел рамноправно да ги застапува гледиштата на странките (во кривичните предмети тоа подразбира гледиштата на обвинителството и одбраната). Известувањето за кривично дело треба да биде проследено со извештај за завршувањето на случајот, без разлика дали тоа се случува во форма на повлекување на обвинението, ослободителна пресуда или осуда. Во текот на судењето, медиумот нема да објави категорична оценка на сведочењето или позициите и ставовите на странките во врска со одреден исход од судењето. Од витално значење во информирањето е точно да се забележи она што е кажано од судијата или судијката, адвокатите и од сведоците.

Важно е да се има предвид дека вистинитоста и точноста во информирањето не ја исклучува новинарската проценка за она што е новинарски вреден агол, односно вест за објавување од јавен интерес.

Прашања што би можело да си ги постават новинарите во однос на почитувањето на принципот на точност во информирањето:

1. **Дали водевме сметка вистински да информираме за секој значаен елемент од случајот, вклучувајќи ја природата на наводите или обвиненијата, идентитетот на обвинетиот итн.?**
2. **Дали направивме јасна дистинкција меѓу тврдењата што се слушнаа во суд (на пример, аргументите од двете страни) од наодите на судијата?**
3. **Дали направивме независна верификација на информациите во соопштението до медиумите или, пак, од друг извор доколку беа нејасни?**

13 AIPCE, Finland: Guidelines for Journalists and an Annex, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/19_FI.php, 22.12.2022

# КОРИСТЕЊЕ РАЗБИРЛИВ РЕЧНИК И ТЕРМИНОЛОГИЈА

Граѓаните мора да имаат пристап до разбирливи информации за начинот на одвивање на судските процеси и процесот на судско одлучување, со што ќе им се овозможи да препознаат дали постапките за решавање на споровите се законски и ефикасни.

При информирањето во областа на судството, медиумите треба да користат конкретен, јасен и разбирлив речник. На публиката на соодветен, разбирлив и едноставен начин треба да ѝ се претставaт последиците и исходот од тоа што се случило.

Пред да се известува за теми од судството, како што е укажано погоре, потребно е да се разбира законската регулатива од областа на судството, како и соодветната правна терминологија. Новинарите мора самите да ги разбираат судовите и нивната работа пред да им објаснат на другите што прават тие. Најважното нешто што треба да се научи е како функционираат судовите, потоа кои се основните чекори во даден случај и тогаш веќе известувањето е многу полесно[14]. Со тоа на публиката ќе ѝ се овозможи соодветно да ги разбере темите за кои се информира.

Свесноста за перцепциите и нивото на разбирање од страна на публиката и соодветното контекстуализирање се важни за професионалното и независното известување во оваа област.

Неретко, недоволното разбирање на проблематиката во оваа област произлегува поради тоа што информациите, односно соопштенијата од судовите се преобемни и се пренесени со стручен речник. Потребата за комуникација со јавноста на разбирлив начин, без употреба на сложена правна терминологија, се нагласува и во Прирачникот за комуникација на судовите со јавноста[15]. Во Прирачникот за судии и новинари[16] се упатува на потребата соопштенијата и информациите за јавноста да бидат компромис меѓу нужноста од запазување на професионалните стандарди и вокабуларот, и потребата за појаснување на начин на кој најдобро ќе се пренесе извесна работа до што поширок број консументи во јавноста.

Заради олеснување на комуникацијата со медиумите, се препорачува судовите

14 Alexander, S.L (2003) Covering the Courts: A Handbook for Journalists, Rowman and Littlefield Publishers, INC.

15 Судски совет на Република Македонија (2016) Прирачник за комуникација на судовите со јавноста, https://bit.ly/3EQdjNZ

16 Саити, Џ., Коен, Р. и др. (2020) Транспарентно судство: прирачник за судии и новинари, Судско-медиумски совет при Здружение на судиите на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3ir0Ecg

да подготват кратко резиме со објаснување на пресудите, особено во случаи кога постои зголемен интерес од јавноста и од медиумите. Како добар пример во таа смисла е веб-страницата на Врховниот суд во Велика Британија[17]. Резимеата вообичаено ги пишуваат помлади адвокати што работат како судски помошници и тоа го прават за одреден број случаи што ги разгледуваат.

## ИЗБЕГНУВАЊЕ СЕНЗАЦИОНАЛИЗАМ ВО ИНФОРМИРАЊЕТО

При известувањето за теми од судството, медиумите треба да бидат исклучително внимателни и да избегнуваат сензационализам и непроверени информации. Тоа се нагласува и во член 8 од Кодексот на новинарите на Македонија[18], каде  што се вели дека начинот на информирање за судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми. Притоа, медиумите внимателно треба да проценат дали јавниот интерес е посилен, во споредба со потенцијалната штета што би ја предизвикале со известувањето за одредена тема. При информирањето за судските процеси, медиумите треба да го имаат предвид следново:

- **Да проценат дали објавувањето на содржините** ќе предизвика вознемиреност и стрес кај публиката, семејството и кај блиските на жртвите
- **Да направат соодветна проценка околу степенот на јавен интерес** и потенцијалната штета од објавувањето на информацијата, односно да утврдат дали степенот на потенцијална штета е поголем од јавниот интерес за самата содржина
- **Да бидат претпазливи кон експлицитните визуелни** и графички содржини итн.

Новинарите треба да избегнуваат детално опишување на сторениот криминал и употребените тактики. Кога се прикажуваат слики и снимки на насилство, медиумите треба да бидат особено внимателни околу потенцијалното влијание на таквите прикази врз децата, малолетниците и другите ранливи групи.

Општа препорака е кога се известува за судски процеси да се избегнува претерување и прекумерно информирање за случаи од помала важност.

17 The Supreme Court for England, Wales and Northern Ireland, https://www.supremecourt.uk/

18 Кодекс на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

# ПРЕСУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ

Едно од основните правила при известувањето за судски постапки е дека додека не се објави осудителна пресуда, важи правилото за пресумпција на невиност. Во Европската конвенција за човекови права се наведува дека секој што е обвинет за кривично дело се смета за невин, сè додека неговата вина не се докаже по законски пат.[19]

Оваа област е дефинирана и во член 8 од Кодексот на новинарите на Македонија[20], каде што се нагласува дека во судските постапки треба да се почитува принципот на пресумпција на невиност, да се известува за сите страни во спорот и да не се сугерира пресуда. И во членот 8.9 од Насоките за етичко известување во онлајн-медиумите[21] донесени од Советот за етика во медиумите на Македонија е наведено дека онлајн-медиумите нема да известуваат со предрасуди и да донесуваат избрзани судови за вината на осомничените лица, ниту, пак, ќе го прејудицираат исходот од судските постапки, за да не влијаат врз судските органи и врз текот на постапките. Во Препораките за етичко известување за деца и млади[22] се укажува на потребата од почитување на пресумпцијата на невиност кај децата и младите, подеднакво како и за возрасните, како што е уредено со Кодексот на новинарите и како загарантирано уставно право во Република Северна Македонија.

Некои етички кодекси од соседните држави подетално ја разработуваат оваа проблематика. Така, на пример, во Кодексот на новинарите на Црна Гора[23] се нагласува дека лицето е невино сè додека не се докаже спротивното, дури и доколку ја признало вината. Тоа се однесува дури и во случаите кога вината е очигледна за јавноста. Целта од известувањето од судницата не смее да биде обвинетиот да се казни од општествен аспект на начин што медиумите би биле искористени како средство за негово јавно посрамотување.

Новинарите ќе ја земат предвид неизвесноста на правниот процес, вклучително и можната невиност на осомничениот. Оттука, тие, преку своето информирање, тоа јасно ќе ѝ го предочат на јавноста. Кога осомничениот ќе биде ослободен

---

19 Европска конвенција за заштита на човековите права, https://www.echr.coe.int/documents/convention_mkd.pdf

20 Здружение на новинарите на Македонија, Кодекс на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

21 Совет за етика во медиумите на Македонија, Насоки за етичко известување во онлајн-медиумите, https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

22 Совет за етика во медиумите на Македонија, Препораки за етичко известување за деца и млади, https://bit.ly/3XcsB6R

23 Agencija za elektronske medije Crne Gore, Kodeks novinara/novinarki Crne Gore, https://aemcg.org/wp-content/uploads/2018/06/Kodeks-novinara-Crne-Gore.pdf

од одговорност, новинарите за тоа ќе информираат транспарентно и навремено. Ќе биде ставен соодветен новинарски акцент на веста, а, исто така, ќе се упати на претходно објавените вести и написи во врска со случајот.

Врз основа на правниот принцип дека осомничените се сметаат за невини додека не бидат прогласени за виновни со правосилна одлука на судот, медиумите не треба ниту директно, ниту индиректно да му ја препишат вината на осомничениот и треба да избегнуваат какви било фрази и карактеризирања што упатуваат на вина. Ако јавна личност е осомничена за извршување кривично дело, таа има еднакво право на пресумпција на невиност.

Се препорачува медиумите да не се повикуваат на претходна осуда на дадено лице доколку таа е неважна во однос на делото за кое тоа е осомничено, обвинето или осудено во сегашноста. Претходната кривична пријава против определено лице, по правило, не треба да се споменува во врска со вестите од друга природа[24].

Новинарот не смее да објавува слики, кои намерно или вештачки ги прикажуваат како престапници луѓето што се осомничени, а што не се обвинети.

## ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

Прашањето околу заштитата на приватноста во контекст на медиумското информирање за кривичните постапки и публицитетот пред судењето не е ново. Медиумите неретко профитираат од зголеменото внимание на јавноста. Погледнато низ оваа перспектива, опфаќањето интимни детали од приватниот живот на обвинетото лице, а особено кога наводното кривично дело е од „невообичаена“ или „сензационалистичка природа“ изгледа како привлечна алтернатива[25]. Имајќи ја предвид проблематичноста на овој пристап, во Декларацијата за обезбедување информации преку медиумите во врска со кривичните постапки[26], издавачите на медиумите и новинарите се повикуваат да ги почитуваат достоинството, безбедноста и правото на приватност на жртвите, осомничените, обвинетите, осудените лица и сведоците, како и нивните семејства., освен доколку информациите не се од јавен интерес.

Јавниот интерес за истражните акции и судските процеси е голем и оправдан, но во секој случај, медиумите мора да обезбедат соодветно анонимизирање

24 AIPCE, Denmark: The Press Ethical Rules, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/14_DK.php

25 Markov, D. The Presumption of Innocence and the Media Coverage of Criminal Cases, ARISA Project, https://arisa-project.eu/the-presumption-of-innocence-and-the-media-coverage-of-criminal-cases/, 20.12.2022

26 Council of Europe, Committee of Ministers (2003), Declaration on the provision of information through the media in relation to criminal proceedings

на лицата што се директно инволвирани во постапките што се во тек. Според член 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Во зависност од околностите, редакциите може да проценат дали ќе го објават идентитетот на лицето, ќе ја ограничат идентификацијата или, пак, во целост ќе го анонимизираат.

Факторите што особено треба да се земат предвид се: интензитетот на сомнежот, сериозноста на обвинението, текот на постапката, степенот на препознатливост на осомничениот или сторителот кај јавноста, претходното однесување на осомничениот или сторителот и сл.

Општо земено, може да се претпостави дека преовладува јавен интерес доколку[27]:

- **предметното кривично дело** е исклучително сериозно или посебно по неговиот вид и димензија
- **постои врска меѓу статусот на јавната личност** и делото за кое е обвинета или ако делото за кое е обвинета е спротивно на нејзиниот јавен имиџ
- **јавно е извршено тешко кривично дело**
- **од страна на истражните органи е поднесена потерница.**

Доколку постојат причини да се верува дека осомничениот не е способен да изврши кривично дело, медиумите ќе се воздржат од неговото идентификување во информирањето.

Во случај на обновено известување за кривични постапки од минатото, по правило, не треба да се објавува името или фотографија на сторителот, во интерес на неговата ресоцијализација. Интересот за ресоцијализација е поголем колку што е подолг временскиот период од пресудата. Во случај на лица вклучени во спроведувањето на правдата, како што се судии, обвинители, адвокати и вештаци, нивното идентификување, по правило, е дозволено доколку лицата за кои станува збор сè уште ги извршуваат своите функции[28].

Според Кодексот на практика во Белгија[29], ограничената идентификација, односно објавувањето на името, иницијалот на презимето, возраста и местото

27 AIPCE, Germany: German Press Code, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/13_DE.php

28 Ibid

29 AIPCE, Belgium: Code of Practice, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/07_BE.php

каде што живее осомничениот или осудениот зависи од сериозноста на фактите, состојбата на истрагата или постапката и јавниот интерес за известување за фактите. За помали прекршоци, ограничената идентификација не е автоматски достапна. Доколку новинарот ги спомене идентификациските елементи, тој ќе биде особено внимателен со другите факти, вклучувајќи слики и звуци што овозможуваат идентификација. Доколку новинарот ги прави сликите и звучните снимки непрепознатливи, тогаш тоа ќе се обиде да го направи ефикасно во целост.

Целосната идентификација на осомничените и осудените лица е вообичаена практика кога станува збор за значителен јавен интерес, односно во случаи кога осомниченото или осуденото лице е јавна личност и јавниот интерес ја оправдува нејзината целосна идентификација. Понатаму, тоа може да биде случај кога осомничениот или осудениот открива информации за себе и не се противи на идентификацијата. Исто така, целосната идентификација е возможна кога станува збор за тешки дела, кога се очекува вина од осомничено лице, на пример поради признание, фаќање на дело или поради информации од сигурен извор или, пак, кога осомничениот е во бегство, а полицијата или судството имаат издадено налог за претрес со целосна идентификација и/или препознатливи слики[30].

Целосната идентификација на осомничениот може да биде предупредување за потенцијалните нови жртви.

Според Прирачникот за етиката во новинарството[31], во случај на лица кои индиректно се под влијание на некоја несреќа или кои немаат ништо заедничко со криминалот за кој се известува, објавувањето на нивните имиња и фотографии е фундаментално погрешно и неприфатливо. Објавувањето имиња и/или фотографии на осомничени, обвинети за убиство, сепак, е оправдано, ако е тоа во интерес на решавање на злосторството или ако кривичното дело е извршено во јавноста (на пример, кога полицијата објавува име на сериозен криминалец што е во бегство). Во случаи на официјални лица или политичари, дозволено е објавување имиња доколку кривичното дело е поврзано со функцијата. Тоа се однесува на познатите личности доколку делото за кое се осомничени е во спротивност со јавниот имиџ што го имаат (на пример, кога прочуен борец за правата на децата е педофил и сл.). Новинарите имаат обврска да го заштитат приватниот живот на обвинетиот, неговиот интегритет и достоинство и да не ги базираат извештаите врз основа на претпоставки за вина или невиност.

30 Ibid

31 Чаусидис Т., Бојаровски З. (2012) Прирачник за етиката во новинарството, Здружение на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf

Семејните околности, расата, етничката припадност, националноста, религиозните уверувања, сексуалната ориентација или членството во организации треба да се споменат само кога е тоа релевантно за случајот[32].

Кога се објавуваат чувствителни и лични информации за обвинетиот, тоа може да резултира со стигматизација, малтретирање и загрозување на поединецот. На пример, кога се известува за кривична постапка во која е вклучен обвинет што е припадник на етничка немнозинска група, објавувањето информации за неговата припадност, доколку тоа не е експлицитно релевантен фактор во дадениот случај, може да поттикне негативни или погрдни перцепции, предрасуди, стереотипи или претпоставки за малцинската група или дури да поттикне и говор на омраза и насилство[33].

Истовремено, медиумите мора да се воздржат од именување роднини на лица што се обвинети или осудени за кривични дела, освен ако таквите информации се од јавен интерес.

Информациите за осуденото, обвинетото или осомниченото лице не треба да се објавуваат доколку со тоа се открива идентитетот на жртвата на кривичното дело со крајно чувствителна природа. Идентитетот на жртвата на таквото кривично дело мора да биде заштитен, освен ако информирањето за предметот е од значителен јавен интерес или, пак, ако лицето самото дало согласност.

## ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

Новинарите треба да покажат посебна претпазливост и чувствителност кога известуваат за сведоци во постапките за кривични дела и злосторства, почитувајќи ги правилата и прописите во однос на неидентификување на заштитените сведоци. Нивниот идентитет не смее да се открие без нивна согласност, освен во случаи на екстремен јавен интерес.

Медиумите треба да бидат особено внимателни при известувањето за сведоците на кривични дела, на кои врз основа на закон им е доделен статусот на заштитен сведок. Должноста да се гарантира доверливоста на изворите на информации подразбира дека новинарите ќе водат сметка да не бидат препознаени нивните идентитети. Последиците од непромисленоста можат да бидат поразителни.

32 AIPCE, Denmark: The Press Ethical Rules, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/14_DK.php

33 Markov, D. The Presumption of Innocence and the Media Coverage of Criminal Cases, ARISA Project, https://arisa-project.eu/the-presumption-of-innocence-and-the-media-coverage-of-criminal-cases/

Во основа, потребно е да се избегне идентификување на сведоците во судењата, особено кога станува збор за злосторства, освен ако нивната идентификација не е неопходна за целосно, правично и точно известување за судењето и ако таквото идентификување нема да предизвика погрешно толкување на вистината или процесот на судење.

Според член 106 од Судскиот деловник[34], снимањето и фотографирањето во Судот може да се прекине или ограничи ако судот најде дека некој учесник во постапката би можел да биде изложен на опасност, срам, настанување штета или би можеле да настанат пречки во примената на законските мерки на принуда или ако поради природата на доказите што треба да се изведат тоа е задолжително (сослушување на заштитени сведоци, малолетници и др.).

## ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА НА МАЛОЛЕТНИЦИТЕ

Малолетните жртви, сведоци и други лица вклучени во правен контекст, во принцип, не треба да се идентификуваат. Јавноста може да биде исклучена, по мислење на судот или по барање на странките или оштетениот, ако тоа е потребно заради заштита на интересите на малолетникот. Пред да се објават фотографии и вести за малолетни лица, потребно е да се посвети посебно внимание на прашањето дали таквата објава ќе биде од јавен интерес.

Новинарите и медиумите не смеат да објавуваат никакви детали што би можеле да го откријат идентитетот на малолетното лице што е вклучено во судски процес како жртва или сведок, освен ако тоа е од голем јавен интерес и постои согласност од родителот или старателот.

Во Прирачникот за етиката во новинарството[35] се нагласува дека објавувањето или недоволната заштита на идентитетот на малолетниците (интервју со роднините, снимки од куќата или непосредното опкружување), информирањето за детали од злосторството, особено доколку станува збор за такви деликатни случаи, како што е сексуално и семејно насилство, секогаш ја изложува жртвата на уште поголема траума и ја зголемува трагедијата. Одговорноста за таквото повторно трауматизирање е директно кај новинарот и медиумот што го прави тоа. Информациите добиени од лекари, социјални работници, воспитувачи, наставници или роднини, кои директно или индиректно упатуваат на идентитетот на малолетникот, не смеат да бидат објавени, бидејќи во спротивно може да се нанесе голема штета.

34 Правдико (2013) Судски деловник, https://bit.ly/3kmnCCf

35 Чаусидис Т., Бојаровски З. (2012) Прирачник за етиката во новинарството, Здружение на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf

На пример, во 2004 година, на насловните страници на повеќе дневни весници во Војводина објавена е фотографија на четири деца од мало место во регионот Банат, кои биле физички и воспитно запуштени. Лекарите од болницата во Зрењанин, сакајќи на новинарите да им објаснат како изгледале децата и што доживеале, искористиле фотографии од болничката архива и им ги предале на медиумите. Некои медиуми, заради заштита на идентитетот на децата, поставиле „црна лента“ врз нивните очи, но специфичниот изглед на малолетникот им овозможил на сограѓаните да препознаат за кого станува збор. Етичкиот кодекс бил нарушен и преку објавувањето и други податоци што требало да останат недостапни за пошироката јавност[36].

Во Упатството за судско известување[37] на британското саморегулаторно тело IPSO (Independent Press Standards Organization) е нагласено дека новинарите не смеат, дури и ако се правно ослободени да го сторат тоа, да идентификуваат деца под 16 години што се жртви или сведоци во случаи што вклучуваат сексуални напади. За да се избегне идентификувањето на детето, особено треба да се внимава во случаи кога има семејна поврзаност меѓу обвинетиот и жртвата. Зборот „инцест“ не смее да се користи во случаи кога може да се идентификува детето што е жртва. Жртвите потенцијално се идентификуваат во описи како што се локација на која е извршено насилството (на пример, семејниот дом) или датуми или време на средби што имплицираат одредена поврзаност.

Известувањето за кривични дела или недолично однесување од страна на малолетниците не треба да ја отежни или целосно да ја спречи нивната евентуална реинтеграција во општеството.

36 Nedeljkovic, D., Ivanovic, M., Lekovic, S. (2014) Praktikum za izvestavanje o sudskim procesima o korupciji i o istrazivackom novinarstvu, Savet Evrope, https://rm.coe.int/training-manual-reporting-on-corruption-investigative-journalism-srb/16807823b5

37 IPSO, Court Reporting Guidance, https://www.ipso.co.uk/resources-and-guidance/court-reporting-guidance/

# БИБЛИОГРАФИЈА


## Публикации, поглавја и написи

Alexander, S.L (2003) Covering the Courts: A Handbook for Journalists, Rowman and Littlefield Publishers, INC.

IPSO (2022) Guidance on Court Reporting, https://www.ipso.co.uk/media/2168/ipso-court-reporting-guidance.pdf

Markov, D. The Presumption of Innocence and the Media Coverage of Criminal Cases, ARISA Project, https://arisa-project.eu/the-presumption-of-innocence-and-the-media-coverage-of-criminal-cases/, 20.12.2022

McDonald, P., Why is the Media at Court, Lawfully Explained, https://lawfullyexplained.com.au/prepare-for-court/why-is-the-media-at-court/, 28.12.2022

Nedeljkovic, D., Ivanovic, M., Lekovic, S. (2014) Praktikum za izvestavanje o sudskim procesima o korupciji i o istrazivackom novinarstvu, Savet Evrope, https://rm.coe.int/training-manual-reporting-on-corruption-investigative-journalism-srb/16807823b5

Димовски С., Илиевски. Ј, Димитриевски З. (2014) Јавност во кривичната постапка - Водич за новинари низ кривичната постапка. Мисија на ОБСЕ во Скопје, https://www.osce.org/files/f/documents/0/d/117927.pdf

Пашоски, Д. (2021) Студија: Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија, Здружение на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/analizi-i-publikaczii/

Попчевски, К.Љ. (2017) Транспарентност и отвореност: осовременување на судскиот систем во Република Македонија. Институт за европска политика - Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права, http://www.merc.org.mk/Files/Write/00001/Files/Network23/studies/Sudska-transparentnost_brief_Mreza23.PDF

Саити, Џ., Коен, Р. и др. (2020) Транспарентно судство: прирачник за судии и новинари, Судско-медиумски совет при Здружение на судии на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3ir0Ecg

Судски совет на Република Македонија (2016) Прирачник за комуникација на судовите со јавноста, https://bit.ly/3xOWONT

Чаусидис Т., Бојаровски З. (2012) Прирачник за етиката во новинарството, Здружение на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf

## Документи и извештаи

Agencija za elektronske medije Crne Gore, Kodeks novinara/novinarki Crne Gore, https://aemcg.org/wp-content/uploads/2018/06/Kodeks-novinara-Crne-Gore.pdf

AIPCE, Belgium: Code of Practice, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/07_BE.php

AIPCE, Denmark: The Press Ethical Rules, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/14_DK.php

AIPCE, Germany: German Press Code, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/13_DE.php

AIPCE, Finland: Guidelines for Journalists and an Annex, https://www.presscouncils.eu/ethicalprinciples/codes/19_FI.php, 22.12.2022

BBC, Editorial Guidelines, Section 8: Reporting Crime and Anti-social Behavior - Guidelines, Court Reporting and Covering Trials, https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines/crime/guidelines/

Council of Europe, Committee of Ministers (2003), Declaration on the provision of information through the media in relation to criminal proceedings

Европска конвенција за заштита на човековите права, https://www.echr.coe.int/documents/convention_mkd.pdf

Здружение на новинарите на Македонија, Кодекс на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Закон за судовите
Закон за кривична постапка
Закон за граѓанска постапка
Закон за општата управна постапка
Закон за управни спорови

Правдико (2013) Судски деловник, https://bit.ly/3Z7esc5

Сведок (2016) Анализа: судовите и новинарите - јавност зад затворени врати, http://nvoinfocentar.org.mk/wp-content/uploads/2016/07/Sudovite_i_novinarite_final-1.pdf

Совет за етика во медиумите на Македонија, Насоки за етичко известување во онлајн медиумите, https://semm.mk/dokumenti/korisni-resursi/kodeks/850-nasoki-za-etichko-izvestuvanje-na-onlajn-mediumite

Совет за етика во медиумите на Македонија, Препораки за етичко известување за деца и млади, https://bit.ly/3XcsB6R

Судски деловник

Центар за правни истражувања и анализи (2019) Како до зголемена транспарентност и отчетност во судството? - документ за јавни политики, https://bit.ly/3GP8xl9

Чаусидис Т., Бојаровски З. (2012) Прирачник за етиката во новинарството, Здружние на новинарите на Македонија, https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2020/07/Priracnik-za-etika.pdf

**Лазар Сандев** е адвокат со долгогодишно искуство во областа на слободата на изразување. Има магистрирано на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Од 2017 година е тренер при Советот на Европа за слободата на изразување и е надворешен предавач при Академијата за судии и јавни обвинители на тема „Европска конвенција за човекови права од Советот на Европа и член 10 - слобода на изразување".

Во текот на неговата кариера е коавтор на повеќе публикации за слободата на изразување и тоа: „Македонија во дигиталната ера - права и обврски при комуникација на интернет", „Каде завршува слободата на изразување и каде започнува говорот на омраза?", „Безбедност на новинарите и медиумските работници - реална или континуирана закана".

**Марина Тунева** е доктор на науки во областа на интеркултурализмот и комуникациите. Магистрира на Институтот за безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, а постдипломски студии по дипломатија заврши на Универзитетот во Малта. Дипломира на интердисциплинарните студии по новинарство на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје.

Од 2014-2022 година беше извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија. Д-р Марина Тунева е вонреден професор на Институтот за комуникациски студии во Скопје, каде што е ангажирана од 2016 година. Претходно беше предавач на Високата школа за новинарство и односи со јавноста. Има работно искуство во проекти на УНДП и УСАИД.

Како експерт во областа на медиумите, односите со јавноста и интеркултурализмот, Марина Тунева е активно вклучена во бројни истражувања и проекти во овие области, во државава и на меѓународно ниво. Автор е на повеќе публикации, меѓу кои се следниве: „Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија", „Водич за етичко известување за родово засновано насилство", „Водич за етичко известување за насилен екстремизам и тероризам", „Медиумите, граѓаните и интеркултурните комуникации", „Насоки за инклузивно известување за пандемијата", „Вовед во односите со јавноста", „Односите со јавноста и интеркултурализмот: комуникација и информирање за Охридскиот рамковен договор" и други.

**Адриан Керими**, активно се бави со новинарство од 2012 година. Тековно ангажиран во ТВ АЛСАТ-М, покрива теми од сферата на судството и полицијата, а неретко и  теми поврзани со работата на Собранието и политички настани. Гласен застапник за професионалст на фелата во обавување на новинарската дејност, но и за заштита на безбедноста и правата на новинарите во земјава.

Здружение на новинарите на Македонија

www.znm.org.mk

**Здружение на новинарите на Македонија**
Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје
00389 (02) 3298-139
contact@znm.org.mk